Осврт за градежништвото во 2015 година

Градежништвото во текот на 2015 година имаше поголема ангажираност во изградба на инфраструктурните објекти, автопатите Миладиновци кон Штип и Кичево кон Охрид, како и делницата Демир Капија – Смоквице, потоа магистралниот гасовод од Клечовце до Штип, но и на голем број објекти од високоградбата, што придонесе за растот на градежништвото, а посебно и максимално ангажирање на целокупната оператива.

На овие делници има вработено околу 7.000- 8.000 работници или вкупно во градежништвото, според статистика, се вработени скоро 50.000 работници.

Треба да се спомене, дека и временските прилики во оваа година беа наклонети кон самата активност на градежниците, при што се постигнуваа максимално ангажирање на работната рака, механизацијата и опремата. Искористување на ефективните работни часови постепено бележат пораст и достигнаа зголемување од 12,5%, кои исто така имаат свое влијание на порастот на градежништвото.

Според последните податоци од Државниот завод за статистика за десетте месеци од 2015 година, градежништвото бележи пораст, така што, во договорените градежни работи порастот изнесува околу 74%, односно околу 73,1 милијарди денари, а кај извршените градежни работи порастот изнесува околу 42%. За овој период извршени се градежни работи од околу 1/3 од договорените работи и тоа изнесува околу 25,3 милијарди денари. Од тука градежништвото, според сите индикатори, бележи и континуиран на раст на БДП, кој оствари пораст од 29,4% во третото тримесечје од оваа година..

Градежништвото, според засега, сите податоци наговестуваат дека ќе го задржи трендот на зголемена активност, не само во нискоградбата, туку и во високоградбата, и тоа во станбената изградба. Ќе очекуваме да заживее и проектот „Купи куќа за млади“, кој се уште е на почеток на реализација, па според тоа, можеме да кажеме дека, како големите градежни компании, така и помалите ќе бидат вклучени во нивната изградба, а со тоа и вклучување и на други индустриски гранки. Проценка е дека вклучени се околу 25 други гранки кои го пратат градежништвото (производство на градежни производи, дрвна, метална, хемиска, електро, текстилна и многу други).